С Е Р Г Е Ј   А Н Д Р Е Е В С К И

# НИРНБЕРГ

Градска куќа
22 мај - 12 јуни 1992

# СКОПЈЕ

Уметничка галерија
1 - 20 септември 1992

R E I N H A R D   W Ö L L M E R

Уметноста е значаен белег за културата на една земја и како нејзин претставник дава придонес во разбирањето меѓу народите. Затоа, ги подржуваме активностите кои го одржуваат контактот меѓу народите и наша задача е да дадеме придонес во взаемното разбирање.

Размената на полето на уметноста со збратимените градови Нирнберг - Скопје прерасна во традиција и како што вели Scwan-Stabilo и ние ја подржуваме. Уметниците, како и заинтересираните за уметноста имаат извонредна можност преку овој вид размена да запознаат други култури и менталитети кои ги збогатуваат со нови импулси. Затоа ние сме задоволни од престојната изложба на која ќе бидат прикажани делата на Рајнхард Вулмер и Сергеј Андреевски, што е организирана по повод 10 - годишнината од збратимувањето на Скопје и Хирнберг.

Со посебен интерес ја примаме изложбата на Сергеј Андреевски затоа што неговиот престој во Нирнберг не беше само уметнички, туку и возвраќање на взаемен човечки интерес.

Неговите лични контакти развија пријателски односи кои продолжија и по враќањето на Сергеј Андреевски во неговата татковина.

Како производител на уметнички материјал, Scwan-Stabilo му дава посебна предност на стручниот дијалог со ликовните уметници. Поттиците на корисниците имаат влијание врз научната работа и врз производите кои се од придонес за уметниците.

И посакуваме на оваа изложба успех, а на жителите на градовите Нирнберг и Скопје понатамошно проширување на контактите.

Konzul Günter Schwanhäusser
Schwan - STABILO
Schwanhäusser GmbH & Co.

Годината 1992 бележи 10-годишнина од збратимувањето на градовите Скопје и Нирнберг. Во текот на изминатите десет години беа остварени разни контакти меѓу граѓаните од истите, а односите меѓу Скопје и Нирнберг беа збогатени и исполнети со живот, извонреден придонес во областа на културата што оваа година го бележи својот јубилеј преку изложбата на македонскиот уметник Сергеј Андреевски и нирнбершкиот уметник Рајнхард Вулмер.

Двата уметника во своите дела ги прикажуваат на уметнички план, впечатоците од збратимените градови, што ги понесоа со себе за време на нивните престои од по 3 месеци во текот на 1991 година во Скопје и Нирнберг, во рамките на реализирање на програмата за размена на уметници. Сосема убаво се гледа и преку оваа изложба, дека се постигнати плодотворни контакти во областа на ликовната уметност, а тоа е уште еден доказ дека идејата за размена, која се разбира е негувана преку збратимувањето, наидува на големи влијанија и носи добри плодови.

И посакувам на изложбата, која ќе биде прикажана во Нирнберг и Скопје, особен успех, бидејќи таа тоа и го заслужува.

Dr Peter Schönlein

Градовите Скопје и Нирнберг остваруваа мошне богата соработка во текот на изминатите десет години. Во разни области беа градени нови мостови на пријателство, а и имињата на двата града беа постојано присутни.

10 - годишниот јубилеј на збратимените градови е значаен миг за нас и ние сме среќни што и преку ликовната уметност, преку размена на уметниците Сергеј Андреевски и Рајнхард Вулмер беа пренесени искуства и топли впечатоци од нивниот тримесечен престој во Скопје и Нирнберг.

Збогатени со искуствата од 10-годишната соработка, престои период во кој постојаната соработка меѓу двата града успешно ќе се остварува и збогатува со нови содржини што е и во духот на идна, обединета Европа.

Ги упатуваме нашите желби за доброто на граѓаните на двата града, надежите за мир и пријателство меѓу народите...

Дипл. ел. инж. Милан Талевски

СЕРГЕЈ АНДРЕЕВСКИ

| | |
|---|---|
| 1960 | Роден во Скопје |
| 1985 | Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност во Скопје |
| 1987/88 | Степендија со престој во Рим, Италија |
| 1991 | Степендија за размена на уметници Нирнберг - Скопје |

Награди:

| | |
|---|---|
| 1985 | Награда на Факултетот за ликовни уметности, Скопје |
| 1989 | Награда на македонскиот печат за млади таленти |
| 1990 | Награда "Димитар Пандилов" |
| | Откуп од Музејот на современа уметност, Скопје |

Сергеј Андревски ми покажа една тенка и долга дрвена вилушка што некогаш ја направил неговиот дедо. Воопшто не е чудо што сега тој е уметник. Имено, Сергеј имал големо влијание од околината во која живеел. Неговиот дедо правел селски ракотворби од дрво, а неговиот татко е писател. Сепак, најнеобјасниво е, зошто Сергеј се занимава токму со сликарство. Луѓето и животните се значаен мотив во делата на Сергеј Андреевски и тој преку нив како да сака да и се спротистави на катастрофата, преку пофалбата на иридиското да ја потчини. Без иманентен однос кон она што расте околу нас, за разлика од музиката, во моментот на доаѓањето на свет го носи во себе и крајот. Постои внатрешна сила за наивно чувство, за свежина и боја. Сепак внатрешното време на овие слики е понекогаш непроменливо, како и музиката. Сè што овде се случува и одговара на природата, со природата. Притоа, јасно се гледа дека најважниот елемент е признанието за потеклото. Андреевски нема тешкотии со злоупотребеното сваќање за татковината, затоа што тоа за него е исчекување, во еден космос на изучување (изрезбаната дрвена вилушка на неговиот дедо). Татковина: тоа се сè патлиџаните и иконите, селското и византиското, птиците и светлосните појави, честопати беа просторно значење и облечени и голи (телата оштетените мустри измешани со боите на пламенот од една вжештена печка) разиграни мажи и срећно спопени парови, јасното зеленило и силно портокалово зјапаат преку сребрените жици од тркалото на велисопедот и повторно, таа необјаснива желба за цртањето. Да се живее, значи сеќавање (Sàul Bellow), и каде би можело тоа да се научи подобро отколку таму каде што човек израснал. Едно око и едно движење беа доволни за да оживеат фигурите на Андреевски, а ние што пред нас ги гледаме во јасна уметност, овие слики изгледа како да се обоени-коболди, безгрижни заради звучноста на која ние инаку бевме навикнати, измешани со стравот на нашите очи (се изгледаше како одново да започнува, а нашите споредувања со европското сликарство беа напразни). Бевме навикнати да го набљудуваме светот како глобално село, оддалечени од повторната вчудоневиденост. Постои мислење дека уметноста се создава во еден слободен простор, од слободни ритми на рачната изработка. Притоа Сергеј Андреевски мисли на рацете на неговиот дедо и гледа како неговите прсти патуваат преку камен и тон, дрво и леб, како тие оставаат ритмички траги по површината, со ножот за зеленчук, со ножот за резбарење. Сергеј Андреевски преку своите слики го прикажува импулсот на животот и се насмевнува.

Hans-Petr MIksh, Nürnberg

РАЈНХАРД ВУЛМЕР

1957 Роден во Нирнберг
1972-75 Школување: Применета графика
1977-84 Студии на Академијата за ликовна уметност во Нирнберг
кај проф. Clemens Fischer, слободна ликовна уметност и графика
1983 Најдобар студент ("мајсторски ученик")
1984-86 Цивилна социјална служба наместо армија
1987 Работи во Нирнберг:("слободна професија")
1986-89 Студиски патувања во северна Африка
1988 Уметност и контакти - Водење и реализација на еден уметнички проект
на градот Нирнберг во соработка со КПД Нирнберг и неговите затвореници

Доделувањето стипендија на Рајнхард Вулмер, беше доказ за неговите богати искуства од патувањето низ Африка на тема "Маски" кое траеше неколку години, а значеше потрага по богаството на етнолошкиот материјал и големите импулси.

Радостите, страдањата на луѓето, на народите, стојат зад натписите на сликите, зад храмовите, катедралите и маските, зад музичките дела, изведбите и танцовите.

Но онаму каде што тие не ќе се сретнат, не постои уметност. (August Macke, Маски, во: Kandinsky/Marc: Синиот јавач, 1912). Малиот оддел во Музејот на старата железничка станица на Скопје со македонски мотиви (народни носии и друго) за сеќавање на земјотресот од 1963 година и тогашниот надворешен изглед на градот е опфатен и во делата на Рајнхард Вулмер.

Самите "Маски" не живеат во некакви нуминозни ужаси над туѓото, туку во орнаментиката како нешто што е надлично. Тој е во турско - муслиманскиот круг кој остави и длабоки траги во Скопје, а го поседува орнаментот, примамлива функција за ослободување од секакви притисоци и значи духовно опуштање (византиска ликовна забрана како повод за ослободување од самообвинение и непотполност?).

Килимите или африканските шамии порано беа симбол. Сега тоа се православните цркви (со многу разновидни мотиви) носии и бордури. Рајнхард Вулмер работеше веќе подолго време со песок, земја и пепел. Неговите афинитети за пластика значеа само мал чекор напред, а недостатокот од хартија да прикаже колажи, тој го покри со стари весници. Како што во "Маски" е преставена орнаментиката малку пообјективно, така весниците ја преставуваат стварноста.

Настанатите "круг-во-круг" форми егзистираат како меѓуподрачја. Тие во себе го носат некогашниот орнамент како еден геометриски ред што паѓа во очи. Она што "Јас го наоѓам" и "го правам" прима алегориски карактер. Така кај овие обоени тела од нежна и тенка хартија што поврзуваат стари колажи и кај кои честопати е прикажана позадината на поедини партии, се гледаат залепените места исто така добро како и баналноста, безвредното, истрошеноста, омразата, но и отвореноста на материјалот. Фактот дека уметноста се раѓа (а не дека постои) тука е особено тематизиран. Од друга страна, стаклата, сликите со разнообличени предмети, се еден преоден стадиум кон сега постојните полутопки, тела што го поврзуваат карактерот на железните лиени отпадоци со грациозноста на еден шнит од ножеви.

Во сите предмети, маски, на колажите на кои е прикажана делумно позадината, испревртени се орнаменталните редови на обоените стакла и дупли кругови од хартија, од весници, во фрагментарните пробиени полукружни форми како ѕидни или подни парчиња, свети еден посебен занос на Вулмер кон постоењето на материјалот кому тој му се препушта, од кој создава разигран простор на потесна вистина, со кого тој патува заедно кон неговата уметност што бара строга потрага по вистината.

Убавите мотиви се направени од суров материјал, кој порано се сметал за грд затоа што немал форма. Сепак постои излез од сомневањата за убавото преку неговата омнипресенца, имено, кога се сеќаваме на убавото преку спротивноста: "Уметноста треба да ја прикажува грдата природа и да подсети на тоа дека не егзистира од секогаш преку самата себе, туку во, и надвор од убавото на нејзината негација" ("Естетика на грдото", 1853)

Hans-Peter Miksch, Nürnberg